(1) Друштво за промет и услуги **НОВОМЕТАЛ ДОО Скопје** со седиште во Скопје на бул. Борис Трајковски бр.7 со ЕМБС 6409784 и ЕДБ 4030008044687, претставувано од управител Христос Влахос како купувач на отпадни метали (во натамошниот текст: купувач,) и

(2) Друштво за градежништво, трговија и услуги **ГАМА ГРАДБА ДООЕЛ** Скопје, со седиште во Скопје на Батинци ул.1 бр.1 Љубош, Батинци, Студеничани, со ЕМБС 6182135 и ЕДБ MK4030007620048, претставувано од управителот Рамадан Сулејмановски како продавач на неопасен отпад – отпадни метали (во натамошниот текст: продавач), на ден 12.10.2017, го склучија следниов

ДРУШТВО ЗА ПРОМЕТ И УСЛУГИ НОВОМЕТАЛ ДОО Бр. 0307-073 25.10.2017 год. СКОПЈЕ

Друштво за градежништво, трговија и услуги ГАМА ГРАДБА ДООЕЛ Бр. 03-209/01 12.10 2017 год. СКОПЈЕ 1

**ДОГОВОР**

за купопродажба на отпадни метали и друг отпад
(со можност за предвремено утврдување на откупна цена)

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорените страни во врска со купопродажбата на отпадни метали и друг отпад за кои купувачот и продавачот имаат соодветни дозволи. Со потпишување на овој договор, продавачот ќе стане член на мрежата на големи снабдувачи на НОВОМЕТАЛ ДОО Скопје.

**Член 2**

**Купувачот го откупува отпадниот бакар, месинг и бронза во следниве категории:**

- 201 – отпаден бакар А категорија
- 202 – отпаден бакар Б категорија
- 203 – отпаден бакар В трета категорија
- 204 – отпаден месинг 63% (жолт)
- 205 – отпаден мешан месинг
- 206 – отпадни струготини од месинг
- 207 – отпадни радијатори од месинг
- 208 – отпадна бронза
- 209 – отпаден месинг 58% со калај (бел)

**Купувачот го откупува отпадното железо во следниве категории:**

- 101 – отпадно железо од 6-8мм
- 102 – отпадно железо од 3-6мм
- 103 – отпадно железо за сечење или дробење
- 104 – отпадно железо во бали (<3мм)
- 105 - отпадно железо во бали (>3мм)
- 106 – отпадно железо – струготини
- 107 – отпадно железо над 8мм
- 108 – отпадно железо сечено /дробено
- 109 – отпадно железо мали бали

**Купувачот го откупува отпадниот алуминиум во следниве категории:**

- 301 – отпаден тврд алуминиум
- 302 – отпадна алуминиумска жица
- 303 – отпадна алуминиумска жица (обработена)
- 304 – отпадни литографски плочи од алуминиум
- 305 – отпаден необоен мек алуминиум
- 306 – отпаден обоен мек алуминиум
- 307 – отпадни необоени профили од алуминиум
- 308 – отпадни обоени профили од алуминиум
- 309 – отпадни алуминиумски фелни
- 310 – отпадни струготини од алуминиум
- 311 – отпадни радијатори од алуминиум
- 312 – отпадни радијатори од алуминиум со бакар
- 313 – отпадни лименки од алуминиум
- 321 – отпадни кабли со алуминиум
- 331 – отпадни алуминиум за сортирање

**Купувачот го откупува отпадниот цинк, олово, отпадни оловни акумулатори, калај, електро-мотори и нерѓосувачки челик во следниве категории:**

- 401 – отпадно олово
- 402 – отпаден цинк
- 403 – отпаден калај
- 405 – отпадни електро-мотори
- 406 – отпаден нерѓосувачки челик
- 615 – отпадни оловни акумулатори

По барање на продавачот можат да бидат утврдени и дополнителни категории. Продавачот е должен стоката да ја испорача на место кое ќе го определи купувачот, освен ако нешто поинаку не биде договорено.

**Член 3**

Купопродажната цена се утврдува за секоја категорија посебно од страна на купувачот според движењето на цената на металите на лондонската берза на метали. Продавачот е должен пред испораката на стоката да се информира од купувачот за моменталната откупна цена.
По барање на продавачот, купувачот може да ја утврди откупната цена за секоја категорија посебно пред испораката на стоката (фиксирање на цена). Продавачот е должен да достави допис во кој што бара утврдување на цена за одредена количина и категорија на отпадните метали.

Дописот може да се достави на рака или по факс, потпишан од управителот на друштво заверено со печат. По исклучок, фиксирање на цена може да се врши и преку телефон или електронска пошта со обврска во рок од 3 часа да се достави пишан допис за утврдување на откупна цена. Доколку не биде доставен допис во предвидениот рок се смета дека е откажано утврдувањето на цена.

Стоката која што има утврдена цена се испорачува на повик на купувачот но не подоцна од осум дена сметано од денот на утврдувањето на цената. Доколку стоката со утврдена цена не биде испорачана во предвидениот рок од осум дена или продавачот по било која основа ја откаже испораката или овој договор во целост, продавачот е должен на купувачот да му ја надомести предизвиканата штета. Износот на штета ќе изнесува негативната разлика помеѓу утврдената и пазарната цена за утврденото количество но не помалку од 5% од пазарната вредност на стоката.

Како пазарната вредност ќе се сметка официјалната цена на металите според лондонската берза три работни дена по истекот на рокот од осум дена за испорака на стоката.

**Член 4**

По приемот на стоката, купувачот во рок од 5 (дена) ќе исплати износ од најмалку 70% од проценетата набавна вредност. Рокот за конечно плаќање на доставена стока ќе изнесува најмногу 5 (пет) дена по приемот на фактурата од страна на купувачот.

**Член 5**

При конечно утврдување на категориите (квалитетот), исклучиво и без протест ќе се прифати за веродостоен сертификатот на купувачот, но продавачот има право на присуство при категоризацијата. Секоја забелешка од страна на купувачот мора да биде поткрепена со соодветна документација, слики или анализи.

Доколку продавачот не е крајно задоволен со категоризацијата, има право да побара враќање на испорачаната стока или само дел од неа, во кој случај продавачот ги сноси од тоа произлезените транспортни и други трошоци односно штета согласно член 3 на овој договор.

**Член 6**

Договорните страни се обврзуваат да ги решат евентуалните спорови по пат на медијација.
Доколку евентуалните спорови не можат да се решат по пат на медијација, надлежен за решавање на споровите ќе биде Основниот Суд II во Скопје.

**Член 7**

Овој договор се вклучува во два еднакви примероци, односно по еден примерок за секоја договорена страна.

**Член 8**

Овој договор се склучува во траење од три години, со можност истиот да биде продолжен за уште три години.
Со потпишувањето на овој договор престануваат да важат сите претходни договори.

**НОВОМЕТАЛ ДОО СКОПЈЕ**

Христос Влахос,
Управител

**ГАМА ГРАДБА ДООЕЛ**

Рамадан Сулејмановски,
Управител